# „Темножолтиот и жолтиот секрет кој се појавуваше по месечниот циклус не го сметавме за проблематичен.“

Од Уму Атије, радијаллаху анха, а таа е една од жените која му се заколнала на верност на Аллаховиот пратеник, алејхи селам, се пренесува дека кажала: „Темножолтиот и жолтиот секрет кој се појавуваше по месечниот циклус не го сметавме за проблематичен.“
[صحيح)] [رواه أبو داود بهذا اللفظ، ورواه البخاري بدون زيادة (بعد الطهر]

Угледната асхабијка Уму Атије, радијаллаху анха, ни кажува дека жените во времето на Аллаховиот пратеник, алејхи селам, не ја земале предвид темната или жолтеликавата течност што излегува од вагиналниот орган, откако чистотата се појавила по менструалниот циклус. Тие не би го оставале намазот или постот заради тоа.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee